# МЕДИА ИЗВЕШТАЈ

## САЕМ НА ГРАДЕЖНИШТВО



# Свечено отварање 05.03.2013

# Фотографии

ERA GROUP

Скопски саем
Skopje Fair

















# Детален преглед на објави произлезени од свечено отварање



**Медиум:** МТВ2 – албанска редакција

**Објавено:** 05.03.2013

**Наслов:**

“Отворен Саемот за градежништво”

**Емисија:** Централни вести

**Новинар:** Валиде Лимани

**Време:** 00:02:27

**Видео клипот е во прилог**

**Резиме:**

**Околу 300 компании со разни градежни програми ќе се претставаат на саемот кој е отворен денес и кој ќе трае до 9 март во Скопје. Отварањето на овој саем е добра можност за да се промовира квалитетот и вредностите на компаниите како и на овој начин да им се даде можност на клиентите да се запознаат со потребните производи, истакнуваат учесниците. Освен домашните компании, на овој саем учествуваат и компании од Косово, Турција, Италија, Германија, Словенија и Србија. – Прилогот е поткрепен со изјава од Сами Мустафа – Изложувач на саемот.**

# Алфа ТВ




**Медиум:** Алфа ТВ

**Објавено:** 05.03.2013

**Наслов:**

"Градежниците главно работат на домашен пазар"

**Емисија:** Бизнис вести

**Новинар:** Тања Попова

**Време:** 00:02:02

**Видео клипот е во прилог**

**Резиме:**

**Градежништвото останува двигател на економијата, но компаниите работат само на домашен пазар. Иако на Саемот на градежништво ќе бидат претставени 1500 станови, градежниците не се согласни околу падот на цената на становите. Прилогот е поткрепен со изјави на претставници од Адора Инженеринг и АДИНГ. Прилогот содржи дел од говорот на Министерот за финансии – Ставрески.**

# Алсат М

E enjte, Mars 07, 2013

TELVIZIONI KOMBËTAR



**Медиум:** Алсат – М

**Објавено:** 05.03.2013

**Наслов:**

“Цените на становите нема да се намалат”

**Емисија:** Бизнис вести

**Новинар:** Верица Павловска

**Време:** 00:02:45

**Видео клипот е во прилог**

**Резиме:**

**Цените на становите нема да се намалат. Така одлучиле домашните градежни компании. Тие велат дека немаат сметка за квалитетните градби со изолација, на добра локација во главниот град, да се продаваат под моменталната цената од 900 до 1.200 евра за метар квадратен. Независно од кризата, домашните градежни компании велат дека становите се продаваат во фазата на изградба. Според министерот за финансии Зоран Ставрески, кој ги посети денеска на отворањето на Саемот за градежништво во Скопје, градежните компании се пофалија дека 80% од становите се продаваат уште на почеток, и остануваат само становите од над 80 метри квадратни.**

# Телма




**Медиум:** Телма

**Објавено:** 05.03.2013

**Наслов:**

“Становите нема да поефтинат”

**Емисија:** Бизнис вести

**Новинар:** Виолета Зајкова

**Време:** 00:02:48

**Видео клипот е во прилог**

**Резиме:**

**Цената на становите нема да се намали и покрај интензивната изградба на нови објекти. Градежниците тврдат дека нема простор за поевтинување на станбениот квадрат пред сè поради поскапените градежни материјали, но и поради високите комунални трошоци. Фирмите кои помалку вложуваат во градбата, велат градежниците, можат да си дозволат пониска цена на становите но квалитетните станови ќе се продаваат како и лани. Новинарскиот прилог е поткрепен со изјави на изложувачи на саемот: Адора Инженеринг, Гранд Престиж и АДИНГ како и од претседателот на Градежната комора - Сеад Кочан**

# Сител




Новинарскиот прилог е поткрепен со изјави на изложувачи на саемот: Адора Инженеринг, Гранд Престиж и АДИНГ како и од претседателот на Градежната комора - Сеад Кочан

**Медиум:** Сител ТВ

**Објавено:** 05.03.2013

**Наслов:** “Градежници: Цените на становите и годинава непроменети”

**Емисија:** Бизнис вести

**Новинар:** Ирена Чачкова

**Време:** 00:01:47

**Видео клипот е во прилог**

**Резиме:**

**Становите нема да поевтинат иако се очекува за 10 % да се намали цената на градежните материјали. Нови објекти постојано се градат, но побарувачка нема, се жалат градежниците, но тоа очигледно не се одразува на цената. И годинава градежниците ќе опстојуваат од домашниот пазар, а најголемиот ангажман ќе го дава државата. Поради кризата тие тешко се пробиваат на пазарите во другите земји. Градежништвото во Македонија преставува главен двигател на економскиот раст, - изјави Ставрески. На Саемот за градежништво годинава присуствуваат 300 компании. Покрај домашните има компании и од Србија, Турција, Италија, Словенија Германија и Косово.**




**Медиум:** МТВ 1

**Објавено:** 05.03.2013

**Наслов:**

"Цени на станови"

**Емисија:** Централни вести

**Новинар:** Свето Николовски

**Време:** 00:01:49

**Видео клипот е во прилог**

**Резиме:**

**И во криза, експанзија за станови. Во Скопје се гради. Компаниите велат, побарувачката е голема, но за сега нема простор за намалување на цените на становите. Новинарскиот прилог е поткрепен со изјави од страна на претставници на Адора Инженеринг, АДИНГ како и од претседателот на Градежната комора - Сеад Кочан. Дел од прилогот е и говорот на Министерот за финансии – Зоран Ставрески.**

# Радио



**Медиум:** Македонско Радио – Радио 2

**Објавено:** 06.03.2013

**Наслов:**

"Градежништвото останува основен двигател на стопанскиот подем на земјава"

**Емисија:** Вести

**Време:** 00:02:00

**Аудио клипот е во прилог**

**Резиме:**

**"Градежништвото останува основен двигател на стопанскиот подем на земјава" – Изјави вицепремиерот на РМ – Зоран Ставрески**

онлајн-издание НОВА МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК

ERA GROUP
Скопски саем Skopje Fair

## Градежништвото е двигател на економскиот пораст во кризни времиња

Градежништвото е една од основните стопански активности во секоја земја и особено во вакви кризни времиња во изминатите години беше двигател на економскиот пораст во Македонија, оцени вицепремиерот и министер за финансии Зоран Ставрески на отворањето на 10. Меѓународен саем за градежништво, кој од вчера се одржува на Скопски саем.

Позитивните состојби во градежништвото, според Ставрески, се показател за квалитетот на градежните компании и на сите чинители од тој сектор што учествуваат со значен процент во креирањето на БДП, но и на политиките на Владата за поттикнување на градежните активности.

- Во изминатите четири години на светска економска криза, единствено во Македонија од сите земји во Европа градежништвото покажа константно позитивни резултати, и не само тоа, туку имаме и двоцифрени стапки на пораст, како онаа што беше остварена во претходната 2011 година. Верувам дека и податоците за 2012-та ќе го потврдат тоа. Тоа покажува дека работиме нешто добро заеднички и дека нешто добро се случува во градежниот сектор - вели Ставрески.

Тој вели дека за градежништвото е многу значајно да има едноставни услови за добивање градежни дозволи. Според него, проектот „Купи куќа купи стан“ во изминатиот период ги обележил кредитите за изградба на куќи и за купување станови. Проектот, нагласи вицепремиерот, наиде на добар прием кај градежните компании и кај граѓаните. Значајна мерка, според него, е и можноста за купување државно градежно земјиште по цена од евро за квадрат, што поттикнала многу компании да почнат градба со многу пониски трошоци.

На Саемот за градежништво се претставуваат над 300 компании, со разновидна програма од градежништвото.

**Медиум:** Нова Македонија

**Објавено:** 06.03.2013

**Наслов:**

“Над 1.500 нови станови се нудат на Саемот на недвижнини”

**Поднаслов:**

“Градежништвото е двигател на економскиот пораст во кризни времиња”

**Страна:** 7

**Новинар:** Жарко Василевски

**Резиме:**

**Градежништвото е една од основните стопански активности во секоја земја и особено во вакви кризни времиња во изминатите години беше двигател на економскиот пораст во Македонија – изјава од страна на министерот за финансии – Зоран Ставрески на свеченото отварање на 10 издание на Саемот за градежништво. Понатаму изјави: “Позитивните состојби во градежништвото се показател за квалитетот на градежните компании и на сите чинители од тој сектор што учествуваат со значаен процент во креирањето на БДП, но и на политиките на Владата за поттикнување на градежните активности.**

# Журнал плус

**Медиум:** Журнал Плус
**Објавено:** 06.03.2013
**Наслов:**
“Градежништвото е движечка сила на економијата”
**Страна: 6**
**Новинар:** Редакција
**Резиме:**

**Градежништвото е една од основните стопански активности кои во време на економска криза беше двигател на економскиот развој на земјата, оцени Зоран Ставрески, на отворањето на 10 Меѓународен саем за градежништво, –“Тоа е показател за квалитетот на градежните компании кои во овој сектор учествуваат со значаен процент во креирањето на БДП. Исто така е показател за политиката на Владата во делот на поттикнување на градежните активности. “Во изминативе четири години, само во Македонија градежните компании покажуваат константен позитивен двоцифрен раст“, изјави министерот Ставрески. Тој потсети на државните политики кои помогнаа во остварувањето на овие резултати, како што се рамниот данок и ниската даночна стапка, како и ослободување од данокот на добивка ако компаниите целосно ја реинвестираа добивката. „Владата ја намали стапката на ДДВ од 18% на 5% за првиот промет на станови, но таа мерка ја продолживме за време на економската криза и мерката ќе важи до 2015 година. Владата интервенираше со упростување на политиките, мерките и документите кои се потребни за градежни дозволи“, изјави Ставрески.**

HAPET PANAIRI I 10-TË NDËRKOMBËTAR PËR NDËRTIMTARI

## Ndërtimtaria, forca lëvizëse e ekonomisë

*Gjendjet pozitive në ndërtimtari, sipas Stavreskit, janë tregues për cilësinë e kompanive ndërtimore dhe të gjithë faktorëve nga ai sektor që marrin pjesë me përqindje të konsiderueshme në krijimin e BPV-së, por edhe të politikave të Qeverisë për nxitjen e aktivitete ndërtimore*

Ndërtimtaria është një ndër aktivitetet themelore ekonomike në secilin vend dhe veçanërisht në kohëra të këtilla të krizës në vitet e kaluara ishte lëvizës i rritjes ekonomike në Maqedoni, vlerësoi Zoran Stavreski në hapjen e Panairit të 10-të ndërkombëtar për ndërtimtari, që po mbahet prej në Panairin e Shkupit. Gjendjet pozitive në ndërtimtari, sipas Stavreskit, janë tregues për cilësinë e kompanive ndërtimore dhe të gjithë faktorëve nga ai sektor që marrin pjesë me përqindje të konsiderueshme në krijimin e BPV-së, por edhe të politikave të Qeverisë për nxitjen e aktivitete ndërtimore.

Përkujtoi se aktivitetet e marra nga ana e Qeverisë që kanë ndihmuar për realizimin e rezultateve pozitive në ndërtimtari, me ç'rast që nga politika tatimore i numëron tatimin e sheshtë, mundësinë që e kanë shfrytëzuar shumë kompani ndërtimore për riinvestim me çfarë tërësisht janë liruar nga pagesa e tatimit të fitimit dhe shkallës së ulur të TVSH-së nga 18 në 5 për qind për qarkullimin e banesave, masë e cila do të zgjasë deri në fund të vitit 2015.



**Për ndërtimtarinë, theksoi, është shumë me rëndësi të ketë kushte të thjeshta për marrjen e lejeve ndërtimore. Sipas tij, projekti "Bli shtëpi, bli banesë" në periudhën e kaluar i ka shënuar kreditë për ndërtimin e shtëpive dhe për blerjen e banesave,. Projekti, theksoi zëvendëskryeministri, hasi në pritje të mirë tek kompanitë ndërtimore dhe tek qytetarët.**

Për ndërtimtarinë, theksoi, është shumë me rëndësi të ketë kushte të thjeshta për marrjen e lejeve ndërtimore. Sipas tij, projekti "Bli shtëpi, bli banesë" në periudhën e kaluar i ka shënuar kreditë për ndërtimin e shtëpive dhe për blerjen e banesave. Projekti, theksoi zëvendëskryeministri, hasi në pritje të mirë tek kompanitë ndërtimore dhe tek qytetarët. Masë e rëndësishme, sipas tij, është edhe mundësia për blerjen e tokës ndërtimore shtetërore me çmim për një euro për metër katror, që janë nxitur shumë kompani të fillojnë ndërtim me shpenzime shumë më të ulëta.

Në Panairin për ndërtimtari marrin pjesë mbi 300 kompani me programe të ndryshme nga ndërtimtaria. Në tri salla ekspozuese në sipërfaqe prej 9.000 metra katror do të prezantojnë materiale ndërtimore, izolim, çati, materiale, ngjitës, ngjyra dhe llaqe, dysheme, ashensor, sistem për siguri, pllaka dhe sanitare, dyer dhe dritare. Në hapësirën e jashtme për ekspozim do të prezantohen kompanitë me program nga mekanizimi ndërtimor. Krahas kompanive vendore, në panair do të ketë kompani nga Serbia, Turqia, Italia, Sllovenia, Kosova, Gjermania...

Nga Panairi i Shkupit presin që edicioni i sivjetmë të panaireve për ndërtimtari dhe patundshmëri të tejkalojë 15.000 vizitorë.

Дневник

ERA GROUP

Скопски саем Skopje Fair

## Ставрески: Градежништвото двигател на економскиот раст во кризни времиња

Градежништвото е една од основните стопански активности во секоја земја и особено во вакви кризни времиња во изминатите години беше двигател на економскиот пораст во Македонија, оцени вицепремиерот и министер за финансии Зоран Ставрески на отворањето на 10. Меѓународен саем за градежништво, кој се одржува од вчера на Скопски саем.

- Во изминатите четири години на светска економска криза, единствено во Македонија од сите земји во Европа градежништвото покажа константно позитивни резултати, и не само тоа, туку имаме и двоцифрени стапки на раст како таа што беше остварена во претходната 2011 година. Верувам дека и податоците за 2012 ќе го потврдат тоа - нагласи Ставрески.

Тој потсети на активностите преземени од Владата, какви што се рамниот данок, можноста што ја искористиле многу градежни компании за реинвестирање со што целосно се ослободени од плаќање данок на добивка и намалената стапка на ДДВ од 18 на 5 проценти за прометот на станови, мерка што ќе трае до крајот на 2015 година.

- Се работи за добар спој во кој учесниците во оваа област, претприемачите и Владата, помогнавме заеднички и успеавме градежништвото да го издигнеме на ниво на кое треба да биде и тоа е генератор на економскиот раст не само заради сопствениот развој, туку и затоа што вклучува и голем број други индустриски гранки во рамките на градежните активности - оцени Ставрески.

На Саемот за градежништво инаку се претставуваат над 300 компании со разновидна програма од градежништвото. Во три изложбени хали на површина од 9.000 квадратни метри се изложени градежни материјали, изолација, кровови, малтери, лепила, бои и лакови, подови, лифтови, системи за обезбедување, плочки и санитарии, врати и прозорци. Во надворешниот изложбен простор се претставуваат компании со програма од градежната механизација. Освен домашни, на саемот има компании од Србија, Турција, Италија, Словенија, Косово, Германија...

**Медиум:** Дневник

**Објавено:** 06.03.2013

**Наслов:**

“Градежништвото двигател на економскиот раст во кризни времиња”

**Страна:** 10

**Новинар:** Редакција

**Резиме:**

**”Во изминативе четири години, само во Македонија градежните компании покажуваат константен позитивен двоцифрен раст“, изјави министерот Ставрески. Тој потсети на државните политики кои помогнаа во остварувањето на овие резултати, како што се рамниот данок и ниската даночна стапка, како и ослободување од данокот на добивка ако компаниите целосно ја реинвестираа добивката. „Владата ја намали стапката на ДДВ од 18% на 5% за првиот промет на станови, но таа мерка ја продолживме за време на економската криза и мерката ќе важи до 2015 година. Владата интервенираше со упростување на политиките, мерките и документите кои се потребни за градежни дозволи“, изјави Ставрески. На Саемот за градежништво се претставуваат над 300 компании со разновидна програма од градежништвото, на простор од 9000 м2. Освен домашни, на саемот има и компании од Србија, Турција, Италија, Словенија, Косово, Германија…**

ФОКУС

ERA GROUP
Скопски саем Skopje Fair

# Адора инженеринг подарува патување во Дубаи за купен стан

Компанијата нуди специјален попуст на Саемот на недвижности RealExpo - 2013 во Скопје



Адора Инженеринг" по трептат со репрезентативен штанд се претставува на Меѓународниот саем за недвижности RealExpo 2013 во Скопје. Периодот меѓу двете саемски манифестации беше со најголеми инвестициски проекти на компанијата, која комплетно заврши и предаде 300 станови со имотни листови. Во тек е изградбата на пет нови елитни висококвалитетни станбено-деловни објекти во Скопје со 300 станови, во општина Аеродром, Ново Лисиче, кои се во завршна фаза на изградба, пред имотен лист. „Адора Инженеринг" очекува да биде рангирана меѓу 15-те најуспешни компании во Македонија во 2012 година, кога според генералниот директор проф. д-р Ванчо Чифлиганец, компанијата двојно ги зголеми инвестициите, приходите, добивката и бројот на вработените.

- Благодарение на системските мерки на државата, добрата бизнис-клима во градежништвото и визијата на нашиот менаџмент, целата добивка ја реинвестиравме во компанијата, во идни проекти. Владиниот проект „Купи куќа, купи стан" нè мотивираше да ја намалиме нашата добивка, со што сега сите купувачи добиваат стан со врвен квалитет за прифатлива цена, изграден по најновите светски трендови и технологии за квалитетно и економично домување - порача проф. д-р Ванчо Чифлиганец, генерален директор на „Адора инженеринг" на отворањето на саемот.

Сите купувачи на стан на саемот за недвижности RealExpo, од 5 до 9 март „Адора Инженеринг" ги наградува со незаборавно патување во светската туристичка и градителска атракција Дубаи, за купувачите е обезбеден специјален саемски попуст, а компанијата ги субвенциoира купувачите во првите 3 години во отплатата на каматата од 3,2 отсто за станбен кредит во Стопанска банка. Со овие доста поволни услови, граѓаните можат да купат нов енергетски ефикасен стан, изграден со примена на најновите светски стандарди и технологии за заштеда на енергија и пари, во елитните станбено-деловни објекти на „Адора Инженеринг" во Скопје-Центар-Под Водно, Скопје-општина Аеродром-Ново Лисиче, во Охрид-Билјанини Извори и Струмица-Парк.

„Адора Инженеринг" која најавува нови инвестициски проекти во Скопје, гради современ трговски центар со површина од 3.000 м2 во близина на станбената населба на оваа компанија во општината Аеродром во Ново Лисиче, Скопје, во близина на паркот со авион, каде се гради црквата „Свети Јован Крстител", што оваа компанија и нејзиниот генерален директор проф. д-р Ванчо Чифлиганец ја донираат за жителите на оваа општина, Скопје и Македонија.

**Медиум:** Фокус

**Објавено:** 06.03.2013

**Наслов:**

“Адора Инженеринг подарува патување во Дубаи за купен стан”

**Страна:** 16

**Новинар:** Редакција

**Резиме:**

**Благодарение на системските мерки на државата, добрата бизнис клима во градежништвото и визијата на нашиот менаџмент, целата добивка ја реинвестиравме во компанијата, во идни проекти. Владиниот проект “Купи куќа, купи стан” не мотивираше да ја намалиме нашата добивка, со што сега сите купувачи ќе добијат стан со врвен квалитет за прифатлива цена, изграден по најновите светски трендови и технологии за квалитетно и економично домување. – Изјави Ванцо Чифлиганец – Адора Инженеринг. Чифлиганец најавува дека со купување на стан во временскиот период додека трае Саемот на недвижнини Реал Експо, ги наградува со патување во Дубаи.**

# 1.500 СТАНОВИ СЕ НУДАТ НА САЕМОТ ЗА НЕДВИЖНОСТИ



**На Саемот за градежништво што почна вчера се претставени над 300 компании со разновидна програма од градежништвото. Во три изложбени хали на површина од 9.000 квадратни метри се изложени градежни материјали, изолација, кровови, малтери, лепаци, бои и лакови, подови, лифтови, системи за обезбедување, плочки и санитарии, врати и прозори. Покрај домашни, на саемот има компании од Србија, Турција, Италија, Словенија, Косово, Германија...**

На Саемот за недвижности кој се случува паралелно, повеќе домашни инвеститори, како „Адора„, „Трим“, „Настел“, „Импексл 2“, „Еуроактива“, „Курум холдинг“... ги промовираат своите нови објекти со вкупно 1.500 станови.

Министер за финансии, Зоран Ставрески, на отворањето на саемската манифестација нагласи дека градежништвото е една од основните стопански активности во секоја земја и особено во вакви кризни времиња во изминатите години беше двигател на економскиот раст во Македонија.

- Во изминатите четири години на светска економска криза, единствено во Македонија од сите земји во Европа градежништвото покажа константно позитивни резултати, и не само тоа, туку имаме и двоцифрени стапки на раст како онаа што беше остварена во претходната 2011 година. Верувам дека и податоците за 2012 ќе го потврдат тоа - нагласи Ставрески.

Според него, проектот „Купи куќа купи стан“ во изминатиот период ги одбележал кредитите за изградба на куќи и за купување станови. Проектот, нагласи вицепремиерот, наиде на добар прием кај градежните компании и кај граѓаните. Инаку, според последните достапни информации, преку овој проект досега до дом дошле 110 граѓани.

## ЌЕ ПАЃААТ ЦЕНИТЕ?

Градежните компании имаат различни гледишта за тоа како ќе се однесуваат цените на становите во наредниот период. За дел од нив, во изминатиов период веќе е направено одредено коригирање во надолна линија. Но, некои компании сметаат дека цените мора и понатаму да одат надолу, според некои прогнози, до 10 проценти. Причината за идниот пад на цените, градежните компании ја лоцираат во намалената побарувачка за станови, наспроти зголемената понуда.

**Медиум:** Фокус

**Објавено:** 06.03.2013

**Наслов:**

“1500 станови се нудат на Саемот за недвижности”

**Страна:** 17

**Новинар:** Редакција

**Резиме:**

**“Во изминативе четири години, само во Македонија градежните компании покажуваат константен позитивен двоцифрен раст”, изјави министерот Ставрески. Тој потсети на државните политики кои помогнаа во остварувањето на овие резлтати, како што се рамниот данок и ниската даночна стапка, како и ослободување од данокот на добивка ако компаниите целосно ја реинвестираа добивката. На Саемот за градежништво се претставуваат над 300 компании со разновидна порграма од градежништвото, на простор од 9000 м2. Освен домашни, на саемот има и компании од Србија, Турција, Италија, Словенија, Косово, Германија…**

СКОПСКИ САЕМ

## Отворени саемите за градежништво и за недвижнини

Триста компании од земјата и од странство од вчера, па до недела ја изложуваат својата понуда на материјали и опрема за градежната индустрија на Меѓународниот саем на градежништво, градежни материјали и градежна механизација што по десетти пат се одржува на „Скопски саем". Во рамките на оваа манифестација се одржува и третиот саем на недвижнини „РиалЕкспо„, на кој шест градежни компании нудат 1.500 станови за продажба. На посебен штанд се промовира владиниот проект „Купи куќа, купи стан„, преку кој може да се дојде до стан или куќа со субвенциониран станбен кредит.

– Во изминатите четири години на светска економска криза, единствено во Македонија од сите земји во Европа градежништвото покажа константно позитивни резултати. И не само тоа, туку имаме и двоцифрени стапки на раст како онаа што беше остварена во претходната 2011 година. Верувам дека и податоците за 2012. ќе го потврдат тоа. Тоа покажува дека работиме нешто добро заеднички и дека нешто добро се случува во градежниот сектор – рече вицепремиерот и министер за финансии Зоран Ставрески на вчерашното отворање на саемот. ■ (С.Ву.)

**Медиум:** Вечер

**Објавено:** 06.03.2013

**Наслов:**

"Отворени саемите за градежништво и за недвижнини"

**Страна:** 10

**Новинар:** Редакција

**Резиме:**

**300 компании од земјата и странство се дел од Меѓународниот саем за градежништво, градежни материјали и градежна механизација како и на третото издание на Саемот за недвижнннини Реал Експо. "Во изминативе четири години, само во Македонија градежните компании покажуваат константен позитивен двоцифрен раст", изјави министерот Ставрески на вчерашното отворање на саемот.**



# Зацементирани цените на становите

## Кризата веќе подолго време го тресе градежништвото, а граѓаните сè помалку се интересираат за инвестиции во недвижности

САЊА НАУМОВСКА

Градежниците поделени дали треба да се намали цената на станбениот квадрат. Кризата веќе подолго време го тресе и овој сектор, а граѓаните сè помалку се интересираат за инвестиции во недвижности. Пазарот е заситен со голем број станови кои со месеци стојат непродадени, а сепак, цените многу тешко паѓаат. Дел од компаниите, присутни на домашниот пазар, сметаат дека што побрзо треба да паднат цените најмалку за десетина отсто за да им се вратат купувачите. Другите, пак, сметаат дека простор за намалување на цените нема, особено ако градбата е квалитетна. Високите цени на градежните материјали, комуналиите и цените по кои го откупуваат земјиштето им ја зголемуваат цената на становите уште и пред да почнат да се градат.

Слабиот интерес на граѓаните да вложуваат во недвижнини трае веќе неколку години, признаваат градежниците. Понудата одамна ја надмина побарувачката, дури и во атрактивните зони во Скопје. Според Горан Јовановски, оперативен директор на „Адинг“, поради кризата намалена е и присутноста на домашните компании на странските пазари.

„Побарувачката опаѓа, а понудата е сè поголема. Нашите очекувања се дека цената на квадратот мора да падне за 10 отсто уште во текот на годинава“, рече Јовановски на вчерашното отворање на Саемот на градежништво. Тој посочи дека во овој период е сè уште рано да се прогнозира какви резултати ќе постигне секторот годинава. Јовановски е оптимист дека ќе остварат подобри резултати од 2012 година, и нагласи дека компанијата е насочена првенствено кон домашниот пазар. „Доколку на странските пазари го задржиме ланското ниво, ќе бидеме задоволни“, истакна Јовановски.

Директорот на „Адора инженеринг“ Ванчо Чифлиганец, пак, смета дека на пазарот има станови со цени за секој џеб и дека нема простор за корекции.

„Адора' гради станови чија цена почнува од 900 евра, па сè до 1.200 евра за оние најлуксузните. Тоа се квалитетни станови, градени по највисоки стандарди, за кои претходно сме платиле високи цени и за откуп на земјиштето и за комуналии. Заработката на градежните компании е мала и сметам дека нема простор да паѓаат цените, ако не сакаме градбите да изгубат во квалитет“, вели Чифлиганец.

Годинешниот Саем на градежништвото го отвори вицепремиерот Зоран Ставрески, кој истакна дека овој сектор е еден од основните стопански активности, кои во изминатите години беше двигател на економскиот раст во Македонија. Според него, проектот „Купи куќа, купи стан“ во изминатиот период ги одбележал кредитите за изградба на куќи и за купување станови. Проектот, нагласи вицепремиерот, наиде на добар прием кај градежните компании и кај граѓаните.

На Саемот за градежништво се претставуваат над 300 компании со разновидна програма. Во три изложбени хали се изложени градежни материјали, изолација, покриви, малтери, лепаци, бои и лакови, подови, лифтови, системи за обезбедување, плочки и санитарии, врати и прозорци. Во надворешниот изложбен простор се претставуваат компании со програма од градежната механизација. Покрај домашни, на саемот има компании од Србија, Турција, Италија, Словенија, Косово, Германија. Повеќе домашни инвеститори, како „Адора инженеринг“, „Трим“,

„Настел“, „Импексл 2“, „Еуроактива“, „Курум холдинг“ и други ќе ги промовираат и своите нови објекти со вкупно 1.500 стана. Во тек на саемот е најавена промоција на проектот „Урбан еко експо 2013“, со секојдневни презентации и промоции на тема „Зелена урбана палета“.

**Медиум:** Утрински

**Објавено:** 06.03.2013

**Наслов:**

“Зацементирани цените на становите”

**Страна:** 9

**Новинар:** Соња Наумовска

**Резиме:**

**Годинешниот Саем на градежништво го отвори вицепремиерот Зоран Ставрески, кој истакна дека овој сектор е еден од основните стопански активности, кои во изминатите години беше двигател на економскиот раст во Македонија. Според него, проектот “Купи куќа, купи стан” во изминатиов период ги одбележал кредитите за изградба на куќи и купување станови. Проектот, нагласи вицепремиерот, наиде на добар прием кај градежните компании и кај граѓаните. На Саемот за градежништво се претставуваат повеќе од 300 компании во три изложбени хали со програма од градежништвото. Новинарскиот текст е поткрепен со изјави од уцесници на саемот: Адора Инженеринг и Адинг.**

# Коха



## Ndërtimtaria, shpëtimi i ekonomike në kohë krize

*Shkup, 5 mars* - Ndërtimtaria është një ndër aktivitetet themelore ekonomike në secilin vend dhe veçanërisht në kohëra të këtilla të krizës në vitet e kaluara ishte lëvizës i rritjes ekonomike në Maqedoni, vlerësoi Zoran Stavreski në hapjen e Panairit të 10-të ndërkombëtar për ndërtimtari, që po mbahet prej të martës në Panairin e Shkupit.

Gjendjet pozitive në ndërtimtari, sipas Stavreskit, janë tregues për cilësinë e kompanive ndërtimore dhe të gjithë faktorëve nga ai sektor që marrin pjesë me përqindje të konsiderueshme në krijimin e BPV-së, por edhe të politikave të Qeverisë për nxitjen e aktivitete ndërtimore. Përkujtoi se aktivitetet e marra nga ana e Qeverisë që kanë ndihmuar për realizimin e rezultateve pozitive në ndërtimutari, me ç'rast që nga politika tatimore i numëron tatimin e sheshtë, mundësinë që e kanë shfrytëzuar shumë kompani ndërtimore për riinvestim me çfarë tërësisht janë liruar nga pagesa e tatimit të fitimit dhe shkallës së ulur të TVSH-së nga 18 në 5 për qind për qarkullimin e banesave, masë e cila do të zgjasë deri në fund të vitit 2015. Për ndërtimtarinë, theksoi, është shumë me rëndësi të ketë kushte të thjeshta për marrjen e lejeve ndërtimore. Sipas tij, projekti "Bli shtëpi, bli banesë" në periudhën e kaluar i ka shënuar kreditë për ndërtimin e shtëpive dhe për blerjen e banesave. Projekti, theksoi zëvendëskryeministri, hasi në pritje të mirë tek kompanitë ndërtimore dhe tek qytetarët. masë e rëndësishme, sipas tij, është edhe mundësia për blerjen e tokës ndërtimore shtetërore me çmim për një euro për metër katror, që janë nxitur shumë kompani të fillojnë ndërtim me shpenzime shumë më të ulta.

Në Panairin për ndërtimtari marrin pjesë mbi 300 kompani me programe të ndryshme nga ndërtimtaria. Krahas kompanive vendore, në panair ka kompani nga Serbia, Turqia, Italia, Sllovenia, Kosova, Gjermania...

**Медиум:** Коха

**Објавено:** 06.03.2013

**Наслов:**

“Градежништвото спас за економијата во време на криза”

**Страна:** 6

**Новинар:** Зејнула Весели

**Резиме:**

**“Во изминативе четири години, само во Македонија градежните компании покажуваат константен позитивен двоцифрен раст“, изјави министерот Ставрески. Тој потсети на државните политики кои помогнаа во остварувањето на овие резултати, како што се рамниот данок и ниската даночна стапка, како и ослободување од данокот на добивка ако компаниите целосно ја реинвестираа добивката. „Владата ја намали стапката на ДДВ од 18% на 5% за првиот промет на станови, но таа мерка ја продолживме за време на економската криза и мерката ќе важи до 2015 година. “Владата интервенираше со упростување на политиките, мерките и документите кои се потребни за градежни дозволи“, изјави Ставрески. На Саемот за градежништво се претставуваат над 300 компании со разновидна програма од градежништвото, на простор од 9000 м2. Освен домашни, на саемот има и компании од Србија, Турција, Италија, Словенија, Косово, Германија…**

# On Line Objavi

| Br. | Medium | Datum na objava | Link | Konotacija |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Vecer | 05.03.2013 | http://www.vecer.com.mk/default.asp?ItemID=D4DF488266F30F40A33A1A94332A844C | pozitivna |
| 2 | Mia | 05.03.2013 | http://mia.mk/mk/Inside/RenderSingleGallery/907 | pozitivna |
| 3 | Kurir | 05.03.2013 | http://kurir.mk/makedonija/vesti/106258-Gradeznistvoto-e-dvigatel-na-ekonomskiot-rast | pozitivna |
| 4 | Mia | 05.03.2013 | http://www.netpress.com.mk/mk/vest.asp?id=122711&kategorija=2 | pozitivna |
| 5 | Nova Makedonija | 05.03.2013 | http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=351399178&id=10&setIzdanie=22821 | pozitivna |
| 6 | Kapital | 05.03.2013 | http://www.kapital.mk/mk/makedonija/93498/pochnuva_10__izdanie_na_megjunarodniot_saem_na_gradezhnishtvo.aspx | pozitivna |
| 7 | Lokalno | 05.03.2013 | http://lokalno.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=14006%3A2013-03-05-07-19-42&catid=107%3Aekonomija&Itemid=132&lang=mk | pozitivna |
| 8 | Kurir | 05.03.2013 | http://kurir.mk/makedonija/ekonomija/106187-Pocnuvaat-saemite-za-gradeznistvo-i-za-nedviznosti | pozitivna |
| 9 | Makfax | 05.03.2013 | http://lokalno.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=14006%3A2013-03-05-07-19-42&catid=107%3Aekonomija&Itemid=132&lang=mk | pozitivna |
| 10 | Utrinski | 05.03.2013 | http://www.utrinski.com.mk/default.asp?ItemID=EA4AC76A6A6FD743A8E0D75A6390CC88 | pozitivna |
| 11 | Inpress | 05.03.2013 | http://www.inpress.com.mk/default.asp?ItemID=2CEC23F5C295E14BAA1A5779AAD35A07 | pozitivna |
| 12 | Ekonomski | 05.03.2013 | http://ekonomski.mk/?p=28625 | pozitivna |
| 13 | MTV | 05.03.2013 | http://www.mtv.com.mk/mk/vesti/ekonomija/76565/zapochnuvaat_saemite_za_gradezhnishtvo_i_za_nedvizhnosti.aspx | pozitivna |
| 14 | Press 24 | 05.03.2013 | http://press24.mk/story/makedonija/skopje/startuvaat-saemite-za-gradezhnishtvo-i-za-nedvizhnosti | pozitivna |
| 15 | Deneshen | 05.03.2013 | http://denesen.mk/web/2013/03/05/pocnuvaat-samite-za-gradeznistvo-i-nedviznosti/ | pozitivna |
| 16 | Maxim | 05.03.2013 | http://maxim.mk/startuvaat-saemite-za-gradezhnishtvo-i-za-nedvizhnosti | pozitivna |
| 17 | Alfa | 05.03.2013 | http://www.alfa.mk/News.aspx?ID=51936 | pozitivna |
| 18 | Kirilica | 05.03.2013 | http://www.kirilica.com.mk/vest.asp?id=74350 | pozitivna |
| 19 | Faktor | 05.03.2013 | http://faktor.mk/archives/34144?utm_source=rss&utm_medium=rss&utm_campaign=%25d0%25bd%25d0%25b0%25d0%25b4-300-%25d0%25b8%25d0%25b7%25d0%25bb%25d0%25b0%25d0%25b3%25d0%25b0%25d1%2587%25d0%25b8-%25d1%259c%25d0%25b5-%25d1%2581%25d0%25b5-%25d0%25bf%25d1%2580%25d0%25b5%25d1%2582%25d1%2581%25d1%2582%25d0%25b0%25d0%25b2%25d0%25b0%25d1%2582-%25d0%25bd%25d0%25b0-%25d0%25bc%25d0%25b5%25d1%2593%25d1%2583 | pozitivna |
| 20 | Skopje Info | 05.03.2013 | http://faktor.mk/archives/34144?utm_source=rss&utm_medium=rss&utm_campaign=%25d0%25bd%25d0%25b0%25d0%25b4-300-%25d0%25b8%25d0%25b7%25d0%25bb%25d0%25b0%25d0%25b3%25d0%25b0%25d1%2587%25d0%25b8-%25d1%259c%25d0%25b5-%25d1%2581%25d0%25b5-%25d0%25bf%25d1%2580%25d0%25b5%25d1%2582%25d1%2581%25d1%2582%25d0%25b0%25d0%25b2%25d0%25b0%25d1%2582-%25d0%25bd%25d0%25b0-%25d0%25bc%25d0%25b5%25d1%2593%25d1%2583 | pozitivna |
| 21 | eVesti | 05.03.2013 | http://evesti.mk/2013/03/05/pocnuvaat-saemite-za-gradeznistvo-i-za-nedviznosti/ | pozitivna |
| 22 | Faktor | 05.03.2013 | http://faktor.mk/archives/34254?utm_source=rss&utm_medium=rss&utm_campaign=%25d1%2581%25d1%2582%25d0%25b0%25d0%25b2%25d1%2580%25d0%25b5%25d1%2581%25d0%25ba%25d0%25b8-%25d0%25b2%25d0%25be-%25d0%25b2%25d1%2580%25d0%25b5%25d0%25bc%25d0%25b5-%25d0%25bd%25d0%25b0-%25d0%25b5%25d0%25ba%25d0%25be%25d0%25bd%25d0%25be%25d0%25bc%25d1%2581%25d0%25ba%25d0%25b0-%25d0%25ba%25d1%2580%25d0%25b8%25d0%25b7%25d0%25b0 | pozitivna |
| 23 | Netpress | 05.03.2013 | http://www.netpress.com.mk/mk/vest.asp?id=122711&kategorija=2 | pozitivna |
| 24 | Republika | 05.03.2013 | http://republika.mk/?p=32038 | pozitivna |
| 25 | Sitel | 05.03.2013 | http://www.sitel.com.mk/node/64078 | pozitivna |
| 26 | Sitel | 05.03.2013 | http://www.sitel.com.mk/node/63996 | pozitivna |

Excel документ со сите објави во прилог

# Заклучок – Медиа мониторинг

Медиа мониторig на Градежништво 2013 вршено е во една фаза:

- Свечено отварање на Саемот на градежништво

Мониторирани се вкупно **65 објави** во кои се опфатени:

- **Печатени медиуми**
- **Електронски медиуми**
- **On-Line медиуми**

Конотација: Позитивна/Неутрална за организаторот на саемската манифестација